РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: | 05-03-2025 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08- | 1377/3 | 1 | |

ПОДОДЕКОР

ул.Алексо Демниевски Бауман бр.53
ЕДБ4004003115178
ЕМБС 5826675

ДО

ОПШТИНА ВЕЛЕС

Предмет: БАРАЊЕ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА

ДПТУ ПОДОДЕКОР ДОО, Велес со адреса на ул.Алексо Демниевски Бауман бр.53 управувано од лицето Зоран Љутков БАРА одобрување на донација на проект и реализација на проект за детско игралиште кое ќе содржи разни детски реквизити за физички и ментален развој на децата. Локацијата се наоѓа во близина на Железничката станица во Велес на КП 10280/1 КО Велес. Висината на донацијата е со приближна вредност од 3.500.000 денари

Со почит

Пододекор Доо, Велес

м.п

Друштво за производство, трговија и услуги ПОДОДЕКОР ДОО увоз-извоз * Велес *

управител

Зоран Љутков

Датум:

04.03.2025, Велес

Предлог

Врз основа на член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06,86/08, 51/11,28/14 и 153/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 62-та седница одржана на ден ___.03.2025 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација од**
**ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес за подобрување на физичкиот и ментален развој на децата во Општина Велес.

Донацијата се состои од:

-Проект и реализација на проект за детско игралиште кое ќе содржи разни детски реквизити за физички и ментален развој на децата.

Донацијата е со вкупна вредност од 3.500.000,00 денари.

**Член 2**

Детското игралиште се предвидува да биде во близина на Железничката станица во Велес на КП бр.10280/1 за КО Велес.

**Член 3**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес како давател на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес доставено е Барање за прифаќање на донација до Општина Велес со бр.08-1377/3 од 05.03.2025 година за подобрување на физичкиот и менталниот развој на децата во Општина Велес.

Донацијата опфаќа донација на проект и реализација на проект за детско игралиште кое ќе содржи разни детски реквизити за физички и ментален развој на децата.

Локацијата се наоѓа во близина на Железничката станица во Велес на КП 10280/1 за КО Велес.

Висината на донацијата е со вкупна вредност од 3.500.000,00 денари.

Доколку од страна на Советот биде донесена оваа одлука, од страна на Градоначалникот како примател на донацијата и ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес како давател на донацијата ќе биде склучен договор согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.